Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 244//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **ЈП Водовод и канализација Скопје**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“**, објавен од неделникот Фокус на 03.04.2025 г. во бр.1539, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 07.04.2025 г., упати жалба за текстот „Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“, објавен од неделникот Фокус на 03.04.2025 г. во бр.1539, при што се жали на „пристрасно и необјективно, неточно и нефер изветување“.

Во жалбата се наведува дека уште во насловот е изнесено „невистинито, сензационалистичо и паушално тврдење“ и дека не постои никаква обврска за плаќање казнени пенали. Но се наведува и следното: „До ЈП Водовод и канализација беа доставени новинарски прашања, но поради службени патувања и обврски Директорот не бил во можност да одговори, но тоа во никој случај не значи дека медиумот треба да пласира непроверени информации, дотолку повеќе што на таа околност од медиумот немаа ниту поставено прашање“.

Воедно се тврди дека основната вина за доцнење на работите со изградбата на пречистителната станица која е започната и се одвивала според предвидената динамика, било тоа што општините Аеродром и Газибаба „немаа донесено Детален урбанистички план (ДУП) за локацијата каде треба да се гради, а изведувачот немаше пристапен пат, ниту можеше да се извади одобрение за градење“.

Бил испратен и демант кој медиумот го објавил.

Во жалбата на СЕММ не му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски принтскрин од текстот или линкот од објавата), освен содржината на демантот, како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој целосно се отфрлаат наводите од жалбата. Во одговорот меѓу другото се вели: „Дури две недели пред да биде објавен текстот, на двата официјални мејлови на компанијата и на директорот Тони Миновски беа испратени повеќе прашања, на кои до затворањето на неделникот „Фокус“ не добивме повратни одговори, што создава сомнеж дека намерно не се одговорени нашите прашања. Од страна на Водовод имаа повеќе од 15 дена, но како што верувам и сум убедена, тенденциозно тоа не го направија. Инаку, во ниту еден момент не сме спомнале дека

‘Водовод и канализација’ треба да плаќа казнени пенали од 1,3 милиони евра, туку дека тоа го плаќа државата со буџетски пари, поточно пари на граѓаните. Тоа го потврдуваат и официјалните одговори од Министерството за финансии“ – се вели, меѓу другото, во одговорот од медиумот испратен од новинарката Ирена Мулачка.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Наместо да го прочисти, Арсовска го затна Скопје, стигна казна од 1,3 милиони евра!“, објавен од неделникот Фокус на 03.04.2025 г. во бр.1539, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, односно не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со изградбата на пречистителна станица во Скопје за отпадните води што се влеваат во реката Вардар.

Комисијата констатираше дека станува збор за објавени информации кои претходно неделникот ги проверил од надлежни институции. Исто така, медиумот, како што наведува и во својот одговор, никаде не споменува дека компанијата ќе плаќа казнени пенали.

За Комисијата, гледано од етички и професионален аспект, најважни беа три критериуми. Првиот е дека медиумите во својата истражувачка работа околу некоја тема од јавен интерес ги проверуваат податоците од што повеќе извори или колку што е тоа можно, како што впрочем налага и членот 1 од Кодексот на новинари на Македонија. Вториот критериум е проверка на податоците што се објавуваат со втората страна, односно со субјектот на чие работење се однесува текстот. Во овој случај, медиумот тоа го сторил навремено, а жалителот можел во одговорот да ги појасни сите детали за кои смета дека медиумот немал право. Бидејќи јавното претпријатие во овој случај тоа не го сторило, вината дури и за евентуално погрешно тврдење на медиумот не е на страната на медиумот.

Трето, не помалку важно, медиумот уредно го објавил демантот од жалителот, со што повторно на директен начин е застапена втората страна.

Поради ова, Комисијата заклучи дека не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија. Комисијата сака да напомене дека жалителот во овој случај до СЕММ не доставил принтскрин од објавениот текст, што е спротивно на процедурите за испраќање жалба, па иако Комисијата направи дополнителен напор да дојде до текстот, во иднина нема да прави такви исклучоци и таквата жалба ќе биде отфрлена од процедурални причини.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595